**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

# Д Е Л О В Н И К

**на Народниот правобранител**

**Скопје, февруари 2005 година**

Врз основа на член 47 од Законот за народниот правобранител ("Службен весник на Република Македонија" бр. 60/2003), Народниот правобранител во февруари 2005 година донесе

# **Д Е Л О В Н И К**

## **на Народниот правобранител**

### **I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со овој деловник поблиску се уредуваат основните начела на организацијата, постапката и начинот на работа на Народниот правобранител и други прашања значајни за работата на Народниот правобранител.

Со примената на овој деловник се обезбедува правилно, уредно и навремено вршење на работите од надлежност на Народниот правобранител.

**Член 2**

Седиштето на Народниот правобранител е во Скопје.

На зградата во која се наоѓа седиштето на Народниот правобранител се истакнува називот и белезите на државата и институцијата.

На зградата во која се наоѓа канцеларијата на Народниот правобранител се истакнува називот, белезите и седиштето.

**Член 3**

Народниот правобранител има свој печат, штембил и приемен штембил.

Печатот има форма на круг со пречник од 32 мм, кој го содржи грбот на Република Македонија, а околу него е испишан називот "Република Македонија - Народен правобранител - Скопје".

Штембилот има правоаголна форма со димензии 50 x 30 мм на кој се наоѓа грбот на Република Македонија и назив "Република Македонија, Народен правобранител", број, датум и седиште.

Приемниот штембил има правоаголна форма со димензии 65 x 30 мм, над кој се наоѓа називот "Република Македонија - Народен правобранител" и седиштето.

Во средината во определените графи се наоѓаат зборовите "примено", "број", "прилог".

Печатот и штембилот се ставаат на сите писмена што ги донесува Народниот правобранител.

Приемниот штембил се става на писмената што ги прима Народниот правобранител и се заведуваат во деловодник и уписници.

**Член 4**

Во постапката пред Народниот правобранител службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Во постапката пред Народниот правобранител службен јазик е и јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, како што е определено со закон и со овој деловник.

**Член 5**

Народниот правобранител:

- го претставува и раководи со органот;

-ги следи состојбите во однос на обезбедувањето, почитувањето и заштитата на уставните и законските права на граѓаните и почитувањето на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците;

- укажува, сугерира и дава мислења за несоодветна примена на законите и прописите и дава иницијативи за нивно изменување и дополнување;

- определува начини, форми и методи за поефикасно остварување на работите од својата надлежност;

- изготвува годишен извештај за работата на Народниот правобранител и го доставува до Собранието на Република Македонија;

- ги определува замениците кои постапуваат по областите утврдени со овој деловник;

- свикува колегиум и раководи со него;

- донесува програма за работа и се грижи за нејзиното спроведување;

- донесува подзаконски и други акти за работа на органот и се грижи за нивната примена;

- до Собранието на Република Македонија поднесува предлог за бројот на замениците на народниот правобранител;

- до Собранитето на Република Македонија поднесува предлог за избор и разрешување на заменици на народниот правобранител;

- именува генерален секретар;

- учествува во работата на посложени предмети и дава согласност за постапување;

- врши прием на странки;

- дава посебни и општи овластувања на вработените;

- го утврдува распоредот на замениците кои го заменуваат во случај на негова спреченост за вршење на функцијата;

- врши и други работи во согласност со Устав, закон, со овој деловник и други општи акти.

**Член 6**

Замениците на народниот правобранител ги вршат работите и задачите за кои се овластени од народниот правобранител, а особено:

- постапуваат по претставките од областа за која се определени од народниот правобранител;

- ги следат состојбите во однос на обезбедувањето, почитувањето и заштитата на уставните и законските права на граѓаните и почитувањето на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците од областа за која се определени;

- раководат со постапката по предметите и го известуваат народниот правобранител за ставовите и мерките што треба да се преземат;

- ги следат и проучуваат законите и другите прописи и можат да даваат иницијативи за нивно изменување и дополнување;

- укажуваат, сугерираат и даваат мислења за несоодветна примена на законите и другите прописи;

- замениците избрани за подрачните канцаларии раководат со канцелариите и по овластување на народниот правобранител постапуваат по претставки;

- замениците избрани за подрачните канцаларии за својата работа на народниот правобранител му поднесуваат месечен писмен извештај;

- вршат други работи што ќе им ги определи народниот правобранител.

**Член 7**

Колегиумот го сочинуваат народниот правобранител и неговите заменици.

Во работата на колегиумот учествува и генералниот секретар.

На колегиумот се разгледуваат и утврдуваат прашања од значење за работата на Народниот правобранител, а особено:

- предлог-програмата за работата на Народниот правобранител;
- годишниот извештај за работата на Народниот правобранител;
- предлог-финансискиот план и завршната сметка;
- предлог-подзаконски и други акти што ги донесува Народниот правобранител;
- одделни посложени прашања од значење за работата на Народниот правобранител;
- утврдување начини за поефикасно остварување на работите од надлежност на Народниот правобранител.

За работата на колегиумот се води записник.

Народниот правобранител одржува колегиум по потреба.

**Член 8**

Работите што спаѓаат во надлежностите на Народниот правобранител, а по кои се постапува во седиштето на Народниот правобранител во Скопје се поделени во четири групи кои ги опфаќаат следните области:

**I. Граѓански слободи и права и права на припадниците на заедниците** (полиција, обвинителство, судство, затвори, одбрана, недискриминација и правична застапеност).

**II. Права од социјална заштита и социјална сигурност** (социјални права, пензиско и инвалидско осигурување, здравстено осигурување, детски права, образование и наука, култура и спорт).

**III. Економски права и уредување и хуманизација на простор** (имотно-правни односи, урбанизам и градежништво, станбени односи, царина и финансии).

**IV. Право на работа, еколошки права и права на корисници на услуги** (работни односи, потрошувачки права, животна средина и други области).

Секој заменик постапува по утврдените области определени во една од групите наведени во став 1 на овој член.

Во зависност од потребите, обемот на работата или други околности, народниот правобранител за постапување по дел од претставките од одредена област може да определи и друг заменик.

Во случаи кога претставката се однесува на права од повеќе области постапува заменикот за чијашто област случајот воглавно се однесува.

Доколку претставката опфаќа различни области што се меѓусебно поврзани, народниот правобранител одлучува кој ќе постапува во тој случај.

Ако заменикот на народниот правобранител поради конфликт на интереси или поради други причини не е во можност да постапува по претставката што припаѓа на неговата област, народниот правобранител одлучува кој од другите заменици ќе постапува по претставката.

**Член 9**

За вршење на стручните и другите административно-технички работи народниот правобранител формира Стручна служба.

Организацијата и начинот на работа на стручната служба се уредува со општ акт.

**Член 10**

Со Стручната служба на Народниот правобранител раководи генералниот секретар.

**Член 11**

Народниот правобранител, замениците на народниот правобранител, советниците и вработените во Стручната служба на Народниот правобранител имаат службени легитимации.

Образецот, содржината, постапката, начинот на издавање користењето и одземањето на службената легитимација ги пропишува народниот правобранител со правилник.

## II. ТЕК НА ПОСТАПКАТА И НАЧИН НА РАБОТА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

**Член 12**

Текот на постапката и начинот на работа на Народниот правобранител опфаќа:

- прием и обработка на претставките и други писмена доставени до Народниот правобранител;
- упис на примените претставки и други писмена, формирање на предмет и негово внесување во системот за автоматска обработка на податоците;
- распределување на предметите на замениците и советниците;
- постапување по предметите;

- административно-техничка обработка на предметите;
- достава на писмената и
-архивирање, чување и користење на предметите.

**Член 13**

Постапката за заштита на уставните и законските права на граѓаните и другите лица пред Народниот правобранител и заштитата на начелото на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на едниците на локалната самоуправа и јавните установи и служби, се покренува со поднесување претставка.

Претставка до Народниот правобранител може да поднесе секој граѓанин (лично или преку полномошник) и друго лице кое остварува одредени права пред органите на државната управа или пред други органи и организации со јавни овластувања во Република Македонија.

Народниот правобранител постапува и по претставки на здруженија на граѓани кога станува збор за заштита на уставните и законски права на граѓаните.

Претставка до Народниот правобранител може да се поднесе писмено, усно и во друга форма (по телефон, телефакс и по електронска пошта).

Постапката пред Народниот правобранител е неформална, итна и доверлива.

Приемот, прегледувањето и распоредувањето на писмената, заведувањето, доставувањето во работа, административно-техничката обработка, испраќањето, разгледувањето, класификацијата и одлагањето на свршените акти во писарницата, се вршат во согласност со Законот за

општата управна постапка и прописите за канцелариско и архивско работење.

**Член 14**

Граѓаните на Република Македонија и другите лица претставка до Народниот правобранител можат да поднесат на својот мајчин јазик.

Народниот правобранител во постапката по претставката одговара на македонски јазик и неговото писмо и на службениот јазик и писмо што го употребува странката.

**Член 15**

Претставките и другите писмена што се примаат во канцеларијата на Народниот правобранител се заведуваат во азбучник според личното име и називот на подносителот и соодветните уписници и по нив се образуваат предмети во соодветна група на области.

Претставката поднесена до Народниот правобранител треба да ги содржи податоците предвидени во член 16 од Законот за народниот правобранител.

Доколку претставката е неразбирлива и не ги содржи потребните факти и докази Народниот правобранител од подносителот ќе побара истата да ја појасни и дополни во рок кој не може да биде пократок од осум ниту подолг од 30 дена.

**Член 16**

Народниот правобранител може да прими претставка и усно по телефон, за што составува службена белешка.

**Член 17**

Лицата од член 13, став 2 и 3 на овој деловник претставките ги поднесуваат до најблиската подрачна канцеларија на Народниот правобранител според нивното живеалиште или престојувалиште.

Доколку претставката е поднесена во канцеларијата во Скопје, а живеалиштето или престојувалиштето на подносителот е на територија на некоја од подрачните канцеларии истата ќе се препрати до соодветната подрачна канцеларија, за што ќе биде известен и подносителот.

Во случај претставката да се однесува на акти или дејствија на орган или организација чие седиште е на подрачјето на некоја од подрачните канцеларии истата може да се препрати до соодветната канцеларија.

Претставките што се однесуваат на правата на децата и за заштита на начелото на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби се обработуваат во канцеларијата во Скопје.

**Член 18**

Народниот правобранител може да оформи претставка и по сопствена иницијатива врз основа на сознанија за сторени повреди на уставните и законските права или за повреда на начелото на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, но во тој случај пред да покрене постапка должен е да побара согласност од лицето на кое се однесува повредата.

Доколку во определениот рок кој не може да биде пократок од 8 ниту подолг од 30 дена не добие согласност, Народниот правобранител нема да покрене постапка.

Без согласност од став 1 на овој член Народниот правобранител може да покрене постапка кога се работи за повреда на уставните и законските права на поголем број граѓани, малолетни, немоќни и лица со одземена деловна способност.

Во случај од став 3 на овој член Народниот правобранител веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена го известува лицето во чие име е покрената постапка, односно родителот, центарот за социјални работи или старателот, освен кога повредата се однесува на поголем број граѓани.

За покренување постапка по сопствена иницијатива одлучува народниот правобранител.

**Член 19**

Во случај кога Народниот правобранител ќе констатира повреда на уставните и законските права или повреда на начелото на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби на поголем број граѓани, малолетни, немоќни и лица со одземена деловна способност, ќе покрене постапка по сопствена иницијатива без претходно добиена согласност.

**Член 20**

Народниот правобранител во рамките на извршувањето на работите од својата надлежност врши посета и увид во органите на државната управа и другите органи и организации што имаат јавни овластувања во кои слободата на движење е ограничена, а посебно во казнено-поправните и воспитно-поправните установи и за констатираните состојби изготвува и доставува информација со предлог-мерки и

активности што треба да се преземат за надминување на констатираните состојби.

Посетата и увидот во органите и организациите од претходниот став, народниот правобранител може да ја изврши и без претходна најава и одобрение и да разговара со лицата сместени во овие органи и организации без присуство на службени лица.

**Член 21**

Во канцеларијата на Народниот правобранител заради заведување на писмената се водат следните уписници:

- уписник за предмети "НП" (Образец бр. 1);
- општ уписник "НПР" (Образец бр. 2);
- доверливи уписници "ДОВ" (Образец бр. 3).

Уписниците "НП" и "НПР" се водат како посебни книги и во подрачните канцеларии со што истите се обележуваат со: /ТЕ за Тетово, /КЧ за Кичево, /БТ за Битола, /ШТ за Штип, /СТ за Струмица и /КУ за Куманово.

Доверливите писмена се заведуваат во канцеларијата во Скопје.

Обрасците на уписниците се составен дел на овој деловник.

Покрај наведените уписници Народниот правобранител може, по потреба, да води и други уписници и евиденции.

**Член 22**

Во уписникот "НП" се заведуваат претставките од член 13, став 2 и 3 и претставките формирани по сопствена иницијатива.

Во уписникот "НПР" се заведуваат писмена што не се заведуваат во уписникот "НП".

Во доверливите уписници се заведуваат доверливите писмена.

Предметите заведени под "НП" се внесуваат и во системот за автоматска обработка на податоците.

**Член 23**

Заради полесно и побрзо пронаоѓање на предметите заведени во уписниците, Народниот правобранител води именици.

Имениците се водат во книга или по систем на картотека.

За работењето по претставките се води статистика.

Начинот и методот на водењето на статистиката го определува народниот правобранител.

**Член 24**

Народниот правобранител постапувајќи по претставка може да:

- не покрене постапка,
- покрене постапка или
- да ја запре или прекине постапката.

**Член 25**

Народниот правобранител нема да покрене постапка во случаите предвидени во член 20 од Законот за народниот правобранител, освен:

- ако станува збор за повреда на права на поголем број граѓани, малолетни, немоќни и лица со одземена деловна способност иако претставката е анонимна;

- во случај кога од претставката може да се констатира повреда на правата иако содржината е навредлива за органот;

- од содржината на претставката може да се утврди за кое право и за кој орган станува збор и покрај тоа што истата не е дополнета;

- доколку постојат правни можности за испитување на претставката и преземање мерки од страна на одредени инспекциски органи иако Народниот правобранител не е надлежен да постапува спрема субјектот кој ги повредил правата;

- ако од оправдани причини подносителот го пропуштил рокот, односно поради подолготрајна болест, отсуство од земјата и слично е изминат рокот од една година или доколку не се изминати општите рокови на застареност за водење на управната постапка.

**Член 26**

Кога Народниот правобранител ќе констатира дека се повредени правата од член 2 од Законот за народниот правобранител може:

- да даде препораки, предлози, мислења и укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди, при што препорака дава кога со сигурност е утврдено дека станува збор за повреда на правата со конкретен акт или дејствие, а мислење дава кога ќе оцени дека е потребна измена или дополнение на општ акт на органот или организацијата. Укажувања се упатуваат во случај кога од фактичката состојба произлегува дека со продолжувањето на одредено однесување на органот или организацијата би се повредиле правата на подносителот на претставката;

- да предложи повторно да се спроведе определена постапка во согласност со закон, ако се исполнети законските услови за повторување или обнова на постапката по барање на странката или ако има основ за промена на управниот акт по службена должност;

- да покрене иницијатива за поведување дисциплинска постапка против службено или одговорно лице, ако оцени дека со неговото

постапување, односно непостапување има основ за сомнение дека ја прекршило работната или службената должност;

- да поднесе барање до надлежниот јавен обвинител за утврдување казнена одговорност доколку се оцени дека има основано сомение за сторен прекршок или кривично дело предвидени со закон;

- да побара времено одложување на извршувањето на управниот акт до одлуката на второстепениот орган или до донесување одлука од надлежен суд, ако констатира повреда на правата, а извршувањето на управниот акт би предизвикало ненадоместлива штета за некоја од странките во спорот.

**Член 27**

Народниот правобранител, кога е тоа можно, во текот на постапката се зазема за спогодбено решавање на предметот.

Со спогодбеното решавање на предметот постапката по предметот се смета за завршена.

Спогодувањето мора да биде во согласност со Уставот и со законите.

**Член 28**

Народниот правобранител во текот на постапката може да се повикува и на начелото на правичност кога од објективни и субјективни околности и постојното позитивно право произлегува дека со примена на законските одредби би дошло до очигледна неправичност.

**Член 29**

При следење на состојбите за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците Народниот правобранител ќе постапува: по поднесени претставки; по сопствена иницијатива ако на кој

било начин дојде до сознанија дека не се почитуваат овие начела; врз основа на извршени непосредни увиди во органите, организациите и установите; со следење на програмски предвидените обврски на органите и организациите; со следење на огласите за прием на нови работници во органите и организациите што се должни да ги почитуваат наведените уставни начела.

**Член 30**

Заради обезбедување и почитување на уставните и законските права и начелата на недискринминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците Народниот правобранител може по сопствена иницијатива да упатува препораки, мислења и критики до органите пред кои е надлежен да постапува доколку оцени дека со одделни општи или поединечни акти, со преземање или непреземање одредени активности на наведените органи или организации не се почитуваат или не се создаваат правни механизми за почитување и остварување на правата на граѓаните и за остварување на наведените начела во однос на припадниците на заедниците.

**Член 31**

Народниот правобранител ќе ја запре постапката во случаите предвидени во член 23 од Законот за народниот правобранител.

Народниот правобранител ќе ја прекине постапката кога констатирал повреда на правата на подносителот на претставката и упатил препорака до надлежниот орган која не била почитувана, а подносителот завел судска постапка.

Народниот правобранител ќе ја продолжи постапката по завршувањето на судската постапка доколку предметот биде вратен на повторно одлучување пред управните органи.

Народниот правобранител ќе ја запре постапката во случаи кога тужбеното барање е одбиено или судот одлучил мериторно.

**Член 32**

При одлучувањето за мерките што треба да се преземат, особено треба да се има предвид:

- значењето, односно вредноста на заштитеното право кое е повредено или може да биде повредено;

- можноста за повреда на уставните и законските права на поголем број граѓани;

- начинот и околностите под кои дошло или може да дојде до повреда на уставните и законските права;

- другите законски можности за заштита на загрозеното уставно и законско право.

**Член 33**

Ако во текот на постапката за разрешување на одреден предмет е потребно посебно стручно знаење, Народниот правобранител може да побара мислење од научни и стручни институции.

За преземање на дејствијата од став 1 на овој член одлучува народниот правобранител.

**Член 34**

Народниот правобранител во текот на постапката по барање на подносителот на претставката може да му дозволи увид во предметот и да му даде копија од одговорот добиен од органот, односно организацијата каде подносителот води постапка за остварување на некое право.

**Член 35**

Народниот правобранител разгледува и други прашања што се од интерес за заштита на уставните и законските права кои имаат основа во други извори и сознанија (по пат на средствата за јавно информирање и друго), а се однесуваат на неправилно работење на органите, односно организациите.

**Член 36**

Народниот правобранител и замениците вршат прием на странки по претходно договорено време.

Странките можат секој работен ден да дојдат на разговор без претходна најава при што ќе бидат примени од страна на раководни и стручни државни службеници одредени од генералниот секретар.

Странките чие живеалиште е надвор од Скопје, ќе бидат примени и без претходна најава.

**Член 37**

Народниот правобранител по потреба може да организира прием на странки и надвор од седиштето во Скопје и од подрачните канцеларии.

## III. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

**Член 38**

Народниот правобранител за својата работа ја информира јавноста преку прес-конференции, соопштенија, билтени, публикации, посебни извештаи, со објавување годишен извештај и на друг начин.

При информирање на јавноста Народниот правобранител постапува во согласност со прописите за заштита на приватноста и тајноста на податоците што се однесуваат на подносителите на претставките.

**Член 39**

Годишниот извештај за претходната година Народниот правобранител го поднесува на Собранието на Република Македонија до 31 март во тековната година.

Годишниот извештај ги содржи наодите за степенот на почитување на човековите права и слободи на граѓаните на Република Македонија, опис на битните проблеми, статистички податоци на добиени, обработени и претставки по кои се уште се постапува, опис на поединечни специфични случаи на повреди, како и извештај за другите активности на Народниот правобранител.

## IV. СОРАБОТКА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ СО ДРУГИ ОРГАНИ И ОРГАНИЗАЦИИ

**Член 40**

Народниот правобранител соработува со владини и невладини институции и асоцијации што работат на полето на заштита и унапредување на човековите права и слободи.

Во остварувањето на својата функција заради стручно усовршување и унапредување на работата на Народниот правобранител може да се организираат семинари, стручни советувања, договорни состаноци и слично.

**Член 41**

Народниот правобранител соработува со сродни институции и асоцијации во странски земји и со соодветни меѓународни организации.

## V. КОМИСИИ И РАБОТНИ ТЕЛА

**Член 42**

Во остварувањето на работите од својата надлежност, народниот правобранител може да формира постојани или повремени комисии и работни тела.

Со актот за формирање, народниот правобранител го утврдува бројот на членовите на комисиите и работните тела и ги определува нивните задачи.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 43**

Со денот на влегување во сила на овој деловник престанува да важи Деловникот на народниот правобранител ("Службен весник на РМ" бр. 10/98).

**Член 44**

Овој деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

**ИЏЕТ МЕМЕТИ**